**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА**

**ВЕТЕРИНАРЕН ФАКУЛТЕТ**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА ПЕРИОД 2012-2016 ГОДИНА НА ВЕТЕРИНАРНИОТ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА

**(за потребите за спроведување на надворешна евалуација)**

Ветеринарен Факултет
ул. Прилепска б.б.
7000 Битола
Тел/факс: ++389(47) 22 88 99

**Битола, 2017 година**

# С О Д Р Ж И Н А

**ВОВЕД** 3
А. Тек на спроведување на процесот на самоевалуација 3
Б. Подлоги 4
В. Национален образовен систем 4
Г. Универзитет "Св. Климент Охридски" 4
Д. Ветеринарниот Факултет 6
Ѓ. Цели и задачи на Факултетот 7
**I. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА ФАКУЛТЕТОТ** 8
А. Органи на Факултетот 8
Б. Студиски програми 8
**II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ** 9
А. Вовед 9
Б. Општествено-економска оправданост 9
В. Концепција на интегрирани студии 9
Г. Студиска програма - Интегрирани студии по ветеринарна медицина 10
Д. Уписна политика 13
**III. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР** 14
**IV. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** 15
А. Наставна дејност 15
Б. Образовна дејност 16
В. Проверка на знаењето на студентите 17
**V. СТУДЕНТИ** 19
А. Ангажираност и оспособување на студентите 19
Б. Студентска анкета 19
В. Студентски активности 19
**VI. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ** 21
А. Дидактички можности 21
Б. Компјутерска опременост 21
В. Библиотека 21
Г. Логистика 22
**VII. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА** 23
**VIII. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** 24
**IX. ФИНАНСИРАЊЕ** 25
**X. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АКАДЕМСКИОТ КАДАР** 26
**XI. ЗАКЛУЧОК ЗА РЕЛЕВАНТНИТЕ ФАКТОРИ ЗА СПРОВЕДЕНИОТ ПРОЦЕС НА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ** 30

# ВОВЕД

Извештајот за самоевалуација е изработен од страна на Комисијата за самоевалуација на Ветеринарниот Факултет-Битола избрана од Наставно-научниот Совет на Факултетот (Одлука бр. 02-122/4 од 24. 04. 2013 година), а согласно со член 77 од Законот за Високото образование на Р. Македонија.

Со оглед на значењето на процесот на самоевалуација, а со цел истиот успешно да се реализира, во собирањето на податоци и во целокупните активности поврзани со самоевалуацијата беа вклучени речиси сите вработени во Факултетот и тоа како наставничкиот и соработничкиот кадар така и административните служби (службата за студентски прашања, службата за сметководство, библиотеката, архивата).

Во припремањето, изготвувањето и изработувањето на извештајот значаен допринос даде и претставникот на студентите заедно со неговите колеги, кои го обработуваа и припремаа делот од самоевалуацијата кој е поврзан со студентите, нивната ангажираност и активности во Факултетот.

Извештајот беше презентиран пред Деканатската Управа и Наставно-научниот Совет на Факултетот, со цел за нивна информираност со содржината на истиот и давање на сугестии и предлози за негово дополнување и квалитативно подобрување.

## А. Тек на спроведувањето на процесот за самоевалуација

Ценејќи ја важноста и значењето на процесот на самоевалуација, Комисијата работеше континуирано и со висок степен на ангажираност. Беше направен план и поделба на активностите и обврските кои треба да бидат реализирани во наредниот период. Една од првите активности на Комисијата беше разгледување и анализирање на Предлог-Упатството за евалуација и евалуациона постапка на Ветеринарниот Факултет-Битола. Во понатамошните активности Комисијата работеше придржувајќи се кон барањата и Планот за работа дадени во Упатството. Исто така беа разгледани и анализирани табелите дадени во Анексот на упатството, кои во зависност од видот на податоците кои ги бараат, беа дистрибуирани до наставничкиот и соработничкиот кадар и административните служби со цел за поефикасно и побрзо спроведување на самоевалуационата постапка. Табелите кои бараа податоци за студентите како и анкетните прашалници беа обработени и анализирани од студентот - член на Комисијата кој со свои колеги ги собра податоците и ги спроведе и анализира студентските анкети.

## Б. Подлоги

На Ветеринарниот Факултет-Битола се реализира настава за една студиска програма: **Интегрирани студии (I и II циклус) по ветеринарна медицина-Доктор по ветеринарна медицина**. Оваа студиска програма функционира од 2009 година со обезбедени кадровски и просторно-материјалните ресурси и финансирање. Во Извештајот за самоевалуација овие параметри ќе бидат презентирани за периодот од 2012 до 2016 година, односно за прва, втора, трета, четврта и петта година од студиската програма.

## В. Национален образовен систем

Во процесот на евалуација вклучени се високообразовните институции кои според Законот за високото образование (член 77) се должни да вршат самоевалуација на интервали од најмногу три години. Спроведувањето на самоевалуацијата е од страна на Комисии за самоевалуација на ниво на универзитетот, факултетите и високите стручни школи. Оваа евалуација вклучува евалуација на високообразовната институција, односно научната институција која согласно Законот за високото образование врши високообразовна дејност за додипломски студиски програми; евалуација на студиски програми како и евалуација на академскиот кадар. Евалуацијата се спроведува според условите утврдени со Статутот на високообразовната институција и според Упатството за евалуација и евалуациона постапка на соодветната високообразовна установа, усогласено со Упатството за единствените основи на евалуација и евалуациони постапки на Универзитетот.

## Г. Универзитет "Св. Климент Охридски"

Универзитетот "Св. Климент Охридски" е основан на 25 април, 1979 година. На 08 декември 1994 година на денот на Свети Климент, Универзитетот во Битола го доби името на својот патрон и се именува во Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола.

Познат под акронимот УКЛО, во изминативе три децении Универзитетот настојува да биде во чекор со современите стандарди на високото образование, обезбедува имплементација на Болоњските принципи и создава поволни услови за студентите, градејќи имиџ на модерен Универзитет. Седиштето на УКЛО е во Битола, а дел од неговите единици се наоѓаат во Прилеп, Охрид, Скопје, Кичево, Велес и Струга. Единици на Универзитетот се:

- Технички факултет - Битола (со дисперзирани студии во Велес и Прилеп)
- Економски факултет - Прилеп
- Факултет за туризам и угостителство - Охрид (со дисперзирани студии во Велес)
- Педагошки факултет - Битола
- Факултет за биотехнички науки - Битола
- Висока медицинска школа - Битола
- Факултет за безбедност - Скопје

- Правен факултет - Кичево (со дисперзирани студии во Битола и Струга)
- Технолошко-технички факултет-Велес (со дисперзирани студии во Битола и Кичево)
- Ветеринарен факултет - Битола
- Факултет за информатички и компјутерски технологии - Битола

Европската димензија на студиските програми конципирани според ЕКТС обезбедува современост и апликативна димензија, мобилност на студентите и академскиот кадар. Отвореноста на УКЛО кон потребите на пазарот на трудот се обезбедува со поврзување на Универзитетот со стопанството, индустријата, локалната заедница, граѓанскиот сектор и сите други елементи кои допринесуваат за подигнување на квалитетот на високото образование.

Секоја нова академска година УКЛО ги отвора вратите за околу 3.000 нови студенти кои го избрале овој Универзитет како квалитетна и препознатлива институција во која ќе го оформат своето високо образование.

Во изминатиов период на Универзитетот дипломирале над 25.000 студенти а во моментов околу 13.000 студенти студираат на 11-те високообразовни институции.

Универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола нуди богата и разновидна понуда од 41 студиска програма за додипломски студии во првиот циклус, 30 студиски програми за последипломски студии во вториот циклус а процесот за структуирање на третиот циклус односно докторските студии е во завршна фаза.

Покрај високообразовните единици, во рамките на УКЛО дејствуваат и 1 научен институт (Научен институт за тутун - Прилеп) и 4 придружни членки:

- ЈНУ Хидробиолошки завод - Охрид
- ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп
- Универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски” - Битола
- Студентски дом “Кочо Рацин” - Битола

Со имплементацијата на новиот Закон за високото образование, УКЛО функционира според концептот на интегриран универзитет со обединувачки менаџмент насочен кон развојот на единиците како делови на функционална целина.

Како современа високообразовна институција, УКЛО посветува посебно внимание на развојот на науката и промоцијата на истражувачката дејност, што е особено важно за обезбедување квалитет во работата. Во текот на изминативе 30 години на УКЛО се промовирани 93 Доктори на науки.

УКЛО е член на Европската универзитетска асоцијација - ЕУА а воедно членува и во БУН и ЦЕЕПУС. Во изминатиов период потпишани се триесетина меѓународни договори за билатерална соработка. Денес Универзитетот “Св. Климент Охридски” - Битола активно партиципира во интернационалните програми и проекти: ФАРЕ, ТЕМПУС, Еразмус Мундус, ФП 7, СимЛаб, ДААД, АТА, Фулбрајт и други.

## Д. Ветеринарен Факултет

Ветеринарниот Факултет-Битола е високообразовна институција во состав на Универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола основана со цел да се подигне степенот на едукација на средноветеринарниот кадар на универзитетско ниво, а со тоа воедно да се подобри и нивото на здравствена заштита на животните во Републиката и пошироко.

ВФБ е формирана со Закон (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 81/2009). За нејзиното почетно кадровско екипирање првично е формирана Матична комисија составена од стручни компетентни лица, а реализацијата е овозможена со **Привременото решение на Министерството за образование и наука за почеток со работа бр. 12-6534/4 од 23. 09. 2009 година (истото по добивањето на Решението бр. 12-91/4 од 21. 02. 2011 од Одборот за акредитација на високото образование и по исполнување на забелешките по Привременото решение донесе РЕШЕНИЕ за почеток со работа на Ветеринарниот Факултет при Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола бр. 13-1976/2 од 26. 03. 2011 година),** со кое беше овозможено екипирање со наставен кадар за повеќе наставни дисциплини како и обезбедување на солидна база за практична настава на студентите со користење на лабораториите. За потребите на институцијата беа отстапени просториите на поранешната Виша земјоделска школа каде изградениот објект беше адаптиран за работа (амфитеатар, предавални, административен простор и кабинети за наставниот кадар). Вкупна површина на објектот е 650 $m^2$, двор 6130 $m^2$, нива до факултетот со површина од 10361 $m^2$

На почетокот од своето работење ВФБ располагаше со наставен кадар кој го сочинуваа 2 доктори на науки, 2 магистри и 4 дипломирани доктори на ветеринарна медицина.

Првата генерација на студенти на ВФБ се запиша во учебната 2009/10 година кога функционираше една студиска програма - ***Интегрирани студии по ветеринарна медицина-Доктор по ветеринарна медицина.***

Денес наставата е реализирана од страна на наставен кадар во редовен и дополнителен работен однос и тоа: 5 професори; 11 асистенти во редовен работен однос и дополнително ангажирани 9 професори.

Исто така, од учебната 2010/11 година Ветеринарниот Факултет-Битола ги прошири своите просторни капацитети со оспособување на простор со што го ублажи проблемот од недостаток на предавални, кабинети и работни простории.

Во изминативе 5 години Ветеринарниот Факултет-Битола континуирано го подигнуваше степенот на квалитет на едукацијата која ја нуди на своите студенти трудејќи се да ги следи современите светски трендови на едукација на овие кадри. Во рамките на тоа тој остварува соработка со повеќе факултети, институции од областа на ветеринарната медицина како и владини и невладини организации. Натамошниот развој на Факултетот ќе биде во склад со новите согледувања и тенденции за иновирање и унапредување на наставните планови и студиски програми, со цел вклопување во европските и светските трендови за едукација на ветеринарно-медицински кадри. Тоа се овозможува со доследно и квалитетно имплементирање на **Е**вропскиот **К**редит **Т**рансфер **С**истем (**ЕКТС**) како и со изготвување на нови студиски програми кои ќе бидат компатибилни со европските и светските. На таков начин дипломите издадени од Ветеринарниот Факултет-Битола ќе бидат ценети и препознатливи на пазарот на трудот во пошироки рамки.

## Ѓ. Цели и задачи на Ветеринарниот Факултет

Основна цел на Ветеринарниот Факултет-Битола е едуцирање на ветеринарно-медицински кадри кои ќе можат да одговорат на се поголемите потреби на ветеринарните служби. Во современиот здравствен систем ветеринарните работници со ваков степен на образование претставуваат главни носители на дејноста во која се вклучени и важна алка во тимот за нега и терапија на животните при амбулантско и стационарно лекување. Поради тоа, неопходно е да тие располагаат со висок степен на теоретски и практични знаења од својата област што претставува примарна и основна цел на едукативниот процес кој се реализира во рамките на ВФБ.

Поаѓајќи од оваа основна цел произлегуваат и неколку поконкретни цели на Ветеринарниот Факултет-Битола а тоа се:

- низ процесот на теоретска настава, студентите да се здобијат со потребниот квантум на знаење од студиските програми вклучени во процесот на едукација, особено од оние наставни дисциплини кои се во тесна врска со нивниот професионален ангажман;
- практичната настава која е дел од целокупниот едукативен процес, да им обезбеди на студентите практични знаења и искуства кои се неопходни и од огромно значење за овие стручни профили;
- напоредно со едукацијата, на студентите да им се овозможи развивање и на други дополнителни вештини како што се на пр. оспособување за работа во групи, користење на компјутер, подобрување на нивното усмено и писмено изразување итн.;
- да им се овозможи на студентите вклучување во различни студентски активности кои се дел од студентското живеење (семинари, трибини, спортски и културно-забавни настани итн.);
- да им се овозможи на студентите вклучување и во органите на управа на Факултетот преку делегирање на нивни членови во нив;

# I. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА ФАКУЛТЕТОТ

Ветеринарниот Факултет-Битола реализира образование во областа на ветеринарната струка опфаќајќи еден профил: Доктор по ветеринарна медицина. Едукација е во времетраење од пет години (десет семестри) односно согласно ЕКТС со завршувањето на студиумот, студентот стекнува 300 кредити.

## А. Органи на Факултетот

Органи на Факултетот се:

- Наставно-научен Совет
- Деканатска Управа
- Декан

Членови на Наставно-научниот Совет се сите наставници во редовен работен однос (редовни професори, вонредни професори и доценти), претставници од асистентите и студентите. Факултетот има декан, продекан за настава, продекан за наука и меѓународна соработка, продекан за финансии и раководители на катедри кои воедно ја сочинуваат Деканатската Управа на Факултетот. Во работата на Наставно-научниот Совет и Деканатската Управа учествува и секретарот на Факултетот водејќи сметка за законитоста и правната издржаност на одлуките, но не учествува при гласањето на истите.

## Б. Студиски програми

Во рамките на Ветеринарниот Факултет-Битола се изведува настава согласно ЕКТС на една студиска програма:

1. ***Интегрирани студии по ветеринарна медицина-Доктор по ветеринарна медицина***

Едукацијата на овој профил се реализира во текот на десет семестри односно со завршување на студиумот студентот се здобива со вкупно 300 кредити (по 30 кредити за секој семестар). Во наставната програма за наставна дисциплина е водено сметка за адекватна застапеност на практичната настава (вежби) со доволен фонд на часови. Исто така е предвидено и реализирање на феријална пракса после завршувањето на првата, втората односно третата студиска година во времетраење од еден месец, во ветеринарните центри и ветеринарните амбуланти од соодветна дејност во местото на живеење на студентот. При тоа се води сметка за квалитетот на истата со уредно евидентирање на ангажираноста на студентот за време на феријалната пракса во Дневник верификувана од страна на ветеринарниот лекар сопственик на амбулантата.

# II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

## А. Вовед

Поаѓајки од изразените потреби на македонското стопанство, посебно во Пелагонискиот регион, а и пошироко, на подрачјето на југозападниот дел од Македонија, каде сточарството претставува една од главните стопански гранки, Универзитетот Св. Климент Охридски- Битола, следејки ја политиката на Владата, се одлучи за отварање на Факултет за Ветеринарна медицина.

За реализација на активностите околу отварање на Ветеринарниот факултет-Битола, од страна на ректорот на Универзитетот е формирана Матична комисија. Која во текот на 2008-2009 година, ги спроведува потребните активности и факултетот започнува со работа во учебната 2009/2010 година, со временска дозвола и во временски простории.

Од страна на надлежните институции, со временското Решение за започнување со работа, се потенцирани пропустите при изработката на документацијата потребна за нормално функционирање на Факултетот.

Една од активностите што ги спроведува Факултетот за усогласување на актите со Законската легислатива е усогласување на Студиската програма за работа на факултетот.

## Б. Општествено-економска оправданост

Имајки во предвид дека сточарството е една од најзастапените гранки во земјоделието во нашата земја, дека овчарството е една од најголемите извозни гранки, а сведоци сме на се поголемиот замав и на млечната индустрија, се наметна потребата од обезбедување на доволен број кадри за подршка на оваа стопанска гранка, од аспект на ветеринарна заштита. Сточарството, како стратешка определба на Република Македонија тешко може да се замисли без добра поткрепа од страна на високо стручни кадри од областа на ветеринарната медицина.

Добивањето на здрава и квалитетна храна наметнува поголемо вклучување на стручните лица од ветеринарната медицина во превентивното дејствување, оптимизација на производните процеси, како и во финализацијата на производните циклуси во оваа свера.

Исто така, имплементацијата на новите Законски регулативи, како предуслов за европското интегрирање, наметнува потреба за зголемување на бројот на овластени ветеринари кои ќе бидат вклучени во ветеринарната управа.

Местоположбата на планираниот факултет има свои предности за привлекување на студенти од соседните земји (Грција и Албанија), каде е слична состојбата со стопанскиот развиток во оваа свера, во подрачјата кои мигрираат спрема нашата земја, од аспект на близината и економичноста на студирањето.

## В. Концепција на интегрирани студии

Основните студии на ветеринарна медицина се групирани како пет годишни интегрирани студии, при што студентите обезбедуваат 300 ЕКТС-кредити. Студиските

програми за интегрирано студирање на ветеринарна медицина се конципирани со Законот за високо образование на Р. Македонија, Болоњската декларација, критериумите опфатени со директивата 2005/36/EC на Европскиот парламент и Советот за професионални квалификации, критериумите на EAEVE и Правилникот на Ветернираниот факултет.

Со моделот на петгодишни интегрирани студии се добива **звање ДОКТОР ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**.

Студиската програма вклучува изучување на општо-образовни, теориско-методолошки, научно-стручни и стручно-апликативни предмети. Посебен осврт е направен во изборот на научно-стручните и стручно-апликативните предмети. Програмите по сите предмети се така дефинирани да ги прикажуваат современите научни и стручни достигнувања во областа на дадената дисциплина, но во согласност спрема нивото на високото образование. Групираните изборни предмети овозможуваат студентите да се насочат на онаа група предмети за која имаат посебен афинитет.

Наставниот процес се одвива низ теориска и практична форма на настава. Посебно внимание се посветува на практичните вежби кои ќе се изведуваат во планираните лаборатории како и во другиите единици кои ќе функционираат во состав на Ветеринарниот факултет, како и во индустриски фарми, млекари, индустрија на месо, во стручни служби , ветеринарни амбуланти, научни институти и др.

Со предметниот модул, во траење од пет години студентите се стекнуваат со познавања од општа ветеринарна медицина. Во текот на студирањето се обезбедува амбулантна и летна пракса.

## Г. Студиска програма - Интегрирани студии по ветеринарна медицина - Доктор по ветеринарна медицина

### 1. Цели

Со завршувањето на додипломските студии на Ветеринарниот Факултет-Битола, студентот се стекнува со звање-Доктор по ветеринарна медицина и се здобива со компетенции за:

- Лекување на животните;
- Решавање на проблематиката на ветеринарното јавно здравство;
- Учество во заштита на човековата околина;
- Изведување на теренска, клиничка и лабораториска дијагностика;
- Превентивно сузбивање на заразните болести и зоонозите;
- Проектирање и учествување во изработка на програми за развивање и унапредување на дејноста на сточарското производство и производство на производи од животинско потекло и животински производи;
- Развивање на сите облици на заштита на животните и животната средина, негување на етиката и хуманиот однос кон животните.

## 2. Организација на студиската програма

Наставата на додипломските студии на студиската програма-Интегрирани студии по ветеринарна медицина-Доктор по ветеринарна медицина трае десет (10) семестри или пет (5) години. Во прва и втора година се изучуваат општо-образовните и базичните предмети, кои претставуваат основа за понатамошно совладување на стручните ветеринарни предмети. Предметните програми во трета, четврта и петта студиска година се посветени за совладување на содржините на стручните предмети потребни за совладување на вештините од областа на ветеринарната заштита, фундаментални за струката како и тангентните ветеринарно-медицински дисциплини потребни за проширувањето на знаењето на докторот по ветеринарна медицина од повеќе ветеринарски специјалистички и субспецијалистички области.

Бројот на Европски бодови за оваа студиска програма е во согласност со постојните законски прописи во Р. Македонија и Универзитетот „Св. Климент Охридски„-Битола. За комплетирњање на студиската програма потребно е да се остварат минимум 300 ЕКТС кредити.

Доколку за одделни изборни предмети во соодветната академска година се определат помалку од пет студенти, наставата ќе се изведува менторски. Од вкупно 37 изборни предмети во струката кандидатот избира 18 (25.71%). Во вкупниот број на кредити, во десетиот семестар влегуваат и 10 кредити за изработка на завршен труд (дипломска работа).

Во првиот семестар вкупниот фонд на часови изнесува 30 (18 теорија и 12 вежби), во вториот семестар 30 (16 теорија и 14 вежби), во трет семестар 30 (17 теорија и 13 вежби), во четврти семестар 30 (17 теорија и 13 вежби), во петтиот семестар 30 (15 теорија и 15 вежби), во шестти семестар 30 (15 теорија и 15 вежби), во седмиот семестар 30 (17 теорија и 13 вежби), во осмиот семестар 30 (11 теорија и 19 вежби), во деветиот семестар 30 (15 теорија и 15 вежби) и во десетиот семестар 30 (10 теорија, 10 вежби и 10 за изработка на завршен труд).

Во Извештајот за самоевалуација овие параметри ќе бидат презентирани за периодот од 2012 до 2016 година, односно за прва, втора, трета, четврта и петта година од студиската програма.

Во првата студиска година кај студиската програма Интегрирани студии по ветеринарна медицина-Доктор по ветеринарна медицина во I семестар застапени се 5 задолжителни предмети (Анатомија на животните I-60 часа; Биологија на клетка-45 часа; Биофизика-45 часа; Хемија-45 часа; Хранливи, лековити и отровни растенија-30 часа). Застапени се и 2 изборни предмети (Ветеринарна генетика-30 часа и Странски јазик I-15 часа). Во II семестар застапени се 5 задолжителни предмети (Хистологија со ембриологија I-30 часа; Биохемија-45 часа; Анатомија на животните II-60 часа; Генетика со биостатистика I-45 часа; Зоологија-30 часа) и 2 изборни предмети (Информатика-15 часа и Странски јазик II-15 часа).

Во втората студиска година во III семестар застапени се 5 задолжителни предмети (Исхрана на домашни животни I-30 часа; Хистологија со ембриологија 2-30 часа; Физиологија на животните I-60 часа; Генетика со биостатистика II-45 часа; Микробиологија со имунологија I-30 часа) и 2 изборни предмети (Клиничка хемија и физиологија-30 часа и Неконвенционално анимално производстбо-15 часа). Во IV семестар застапени се 5 задолжителни предмети (Физиологија на животните II-60 часа; Исхрана на домашни животни- II-30 часа; Микробиологија

со имунологија II-45 часа; Одгледување на домашни животни I-30 часа; Општа патологија-30 часа) и 2 изборни предмети (Морфологија и физиологија на лабораториски животни-30 часа и Вовед во ветеринарна клиничка пракса-30 часа).

Во третата студиска година V семестар застапени се 6 задолжителни предмети (Одгледување на домашни животни II-30 часа; Паразитологија-30 часа; Патолошка физиологија-30 часа; Патологија II-45 часа; Фармакологија и Токсикологија I-45 часа; Основи на клиничка дијагностика-30 часа) и 2 изборни предмети (Микробиолошка пракса-15 часа и Физиологија на животни во ЗОО градини-15 часа). Во VI семестар застапени се 6 задолжителни предмети (Репродукција и В.О-60 часа; Биологија и патологија на риби-45 часа; Визуелни дијагностички методи-15 часа; Општа хирургија со основи на анестезиологија-45 часа; Фармакологија и Токсикологија II-30 часа; Биологија и патологија на пчели -15 часа) и 1 изборен предмет (Заштита и спасување на животните во вонредни ситуации -15 часа).

Во четвртата студиска година VII семестар застапени се 6 задолжителни предмети (Хирургија со ортопедија и офталмологија-45 часа; Породилство и стерилитет кај домашните животни-45 часа; Болести на копитари и месојади I -30 часа; Болести на чапункари I-30 часа; Одгледување на диви животни со ловна технологија-30 часа; Болести на живина I-30 часа) и 2 изборни предмети (Нутритивна патологија-15 часа и Морфологија и патологија на млечна жлезда кај преживари-15 часа). Во VIII семестар застапени се 6 задолжителни предмети (Болести на копитари и месојади II-30 часа; Болести на чапункари II-60 часа; Болести на живина II-15 часа; Радиобиологија и радијациона хигиена-15 часа; Болести на свињи-15 часа; Амбулантна клиника I (домашни миленици)-60 часа) и 3 изборни предмети (Хирушка пракса-30 часа, Одбрани поглавја од хирургија, ортопедија и офталмологија на мали животни-30 часа и Ветеринарна токсикологија-15 часа).

Во петтата студиска година IX семестар застапени се 6 задолжителни предмети (Ветеринарен надзор на колење и месо -60 часа; Епизотиологија -30 часа; Хигиена на сточарски објекти I - 30 часа; Хигиена контрола и надзор на млечни производи-60 часа; Управно ветеринарство-45 часа, Амбулантна клиника II (фармски животни)-60 часа;) и 2 изборни предмети (Еколошка заштита-30 часа и Хигиена и патологија на исхраната на домашните животни-30 часа). Во X семестар застапени се 5 задолжителни предмети (Хигиена, контрола и надзор на месо, риби и нивни производи-60 часа; Менаџмент на ветеринарна пракса со рурална економија-30 часа; Судско ветеринарство-45 часа; Хигиена на сточарски објекти II-15 часа; Амбулантна клиника III (преработка на храна од животинско потекло-60 часа) и изработка на завршен дипломски труд - 150 часа.

Европскиот систем за пренос на бодови (ЕКТС) покажува дека неопходно е студентот да се стекне со 30 работни часа/европски бодови, а вкупната оптовареност на студентот не преминува 900 часови за студиска година. Од ова правило може да има отстапување по барање на студентот, во колку утврди дека е потребно повеќе или помалку време за совладување на предметните содржини, со што се утврдува индивидуалноста на студентот, неговата самостојна работа, практичната активност како и континуираната проверка на знаењето. Се спроведуваат два колоквиуми за секој предмет со цел поефикасно совладување на предметните содржини а воедно и подигнување на квалитетот на студирање. Студентите изработуваат семинарски работи, презентации, учествуваат во

проекти итн. Задолжително се спроведува практична настава по завршувањето на вториот и четвртиот семестар. Завршниот труд може да се изготвува во текот на десетиот семестар, со цел заокружување на времето на студирање во предвидените пет години.

Со дипломирањето на студентот тој го има потребниот квантум на знаење од областа на ветеринарната медицина. Тоа го овозможуваат предметните содржини, кој го едуцираат Докторот по ветеринарна медицина за самостојна работа во ветеринарната практика. Содржината на предметите е соодветна за образование на вакви кадри и во потполност го оправдува името на дипломата.

## Д. Уписна политика

Во изминатите години уписот на нови студенти се вршеше врз база на постигнатиот успех во средното образование, а од учебната 2010/11 година во рангирањето на кандидатите се зема и успехот постигнат од државната матура согласно со Законот за високо образование.

Структурата на студентите кои се запишуваат на Ветеринарниот Факултет-Битола претежно ја сочинуваат ученици со завршено средно ветеринарно, медицинско и гимназиско образование.

Податоците од уписот на студенти покажуваат дека во последените години е во пораст интересот за запишување на Ветеринарниот Факултет-Битола. Со Одлука на Сенатот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" Битола, сите запишани студенти поднесуваат дел од школарина, во висина позната за студентите, објавена во Конкурсот за запишување на студенти.

# III. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

Наставата на едната студиска програма се реализира од страна на наставен кадар во редовен и дополнителен работен однос и тоа: 5 професори; 11 асистенти во редовен работен однос и дополнително ангажирани 9 професори.

- *Доктори на науки (професори):*

1. Редов. Проф. Д-р Живко Гацовски
2. Редов. Проф. Д-р Момчула Јорданоски
3. Вонр. Проф. Д-р Гоце Цилев
4. Доц. Д-р Сашо Стојановски
5. Доц. Д-р Билјана Петровска

- *Доктори и Магистри на науки и ДВМ (асистенти):*

1. Д-р. Панче Дамески
2. Д-р. Мими Ристевски
3. Д-р. Никола Караболовски
4. Д-р. Петар Додовски
5. М-р. ДВМ. Игор Здравески
6. М-р Билјана Богданова-Попов
7. М-р Маја Гацовска
8. М-р. Наташа Петровска
9. ДВМ. Наташа Пејчиновска
10. ДВМ. Александар Аврамов
11. ДВМ. Талија Христовска

Во реализирањето на наставата се вклучени и наставници од други високообразовни институции од земјата:

1. Проф. Д-р Стефче Пресилски
2. Проф. Д-р Игор Неделковски
3. Проф. Д-р Снежана Стоилова
4. Проф. Д-р Гоце Костоски
5. Вонр. Проф. Д-р Валентина Павлова
6. Вонр. Проф. Д-р Арсе Петрески
7. Доц. Д-р Дијана Блаженковиќ
8. Доц. Д-р Петар Аврамовски
9. Доц. Д-р Фејзула Фејзулах

# НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## Вовед

Наставно-образовната дејност на Ветеринарниот Факултет-Битола се реализира преку континуирана настава за редовните студенти.

## А. Наставна дејност

Начинот на студирање на Ветеринарниот Факултет-Битола е во согласност со Законот за високо образование на Р. Македонија, Правилникот за организирање на прв циклус на студии на Универзитетот ”Св. Климент Охридски”-Битола и Правилникот за внатрешни односи и работење на Ветеринарниот Факултет-Битола.

Наставата се одвива според критериумите на Европскиот Кредит Трансфер Систем со застапеност на задолжителни и изборни предмети. Во изборот на изборните предмети, на студентите им помагаат раководителот на насоката и координаторот на ЕКТС програмата. Наставата во рамките на Ветеринарниот Факултет-Битола се реализира низ процес на теоретски предавања и практична настава. Во теоретската настава доминираат предавањата екс катедра (фронтална форма на настава), а застапена е и индивидуалната настава во форма на консултации со студентите кои се задолжителни за секој наставник и се изведуваат по барање на студентот, а во врска со дел од предаваната материја која според него бара дополнителни објаснувања и информации.

Значајно место во наставно-образовната дејност на Ветеринарниот Факултет-Битола зазема и практичната настава која е неделива компонента од целокупниот образовен процес и е во тесна врска со професијата на кадрите кои се едуцираат. Преку реализирањето на практичната настава, всушност истовремено се остварува и надворешна соработка со повеќе институции и професионални организации кои го помагаат и го подобруваат квалитетот на наставно-образовниот процес.

Во текот на студиите, освен со знаења и искуства од соодветната наставно-научна област, студентите на Ветеринарниот Факултет-Битола се здобиваат и оспособуваат и со некои други дополнителни вештини кои секако значајно го подигаат нивото на нивната општа култура и пошироки познавања од разни области. Пред се тука се мисли на подобрување на нивното писмено и усмено изразување (комуницирање), работа со животни, работа во лаборатории, работа со компјутер, познавање на странски јазици, работа во групи, анализа на стручна и научна литература и сл.

**Добри страни:**

- Добра теоретска и практична подготвеност на студентите кое овозможува нивно непречено вклучување во ветеринарно-медицинскиот систем и квалитетно извршување на нивните професионални обврски;
- Добро развиена соработка со повеќе ветеринарни амбуланти кое им овозможува на студентите запознавање и вклопување во нивната дејност

уште во текот на студиумот и позитивно влијае врз нивното идно професионално ангажирање;
- Постоење на можности за развивање и на некои дополнителни вештини кај студентите;

**Слаби страни:**

- Доминирање на фронтална форма на настава;
- Отсуство на континуирана едукација на дипломираните студенти во форма на можност за нивна специјализација или организирани форми на семинари, предавања и сл. со цел нивно запознавање со најновите постигнувања во областа на ветеринарната медицина каде тие се професионално ангажирани;

**Предлог за подобрување на слабите страни:**

- Воведување на нови форми на настава со цел подобрување на истата (интерактивна, менторска и сл.);
- Воведување на форми на континуирана едукација за дипломираните студенти;
- Организирање на семинари и други форми на стручно-научни собири за дипломираните вработени студенти со цел нивно информирање за најновите достигнувања во нивната област;

## Б. Образовна дејност

Теоретската настава за сите редовни студенти се изведува според годишен распоред на часови, а групите бројат околу 30 студенти.

Во образовниот процес на Ветеринарниот Факултет-Битола особено внимание се посветува на практичната настава која е неделива компонента од целокупниот образовен процес и е во тесна врска со професијата на кадрите кои се едуцираат. Групите за практична настава бројат 5 до 15 студенти (во зависност од природата на наставната содржина) и истата во најголем дел се реализира во ветеринарно-медицинските институции (ветеринарни амбуланти, кланици за колење на животните, ветеринарни инспекциски служби, Управа за ветеринарство итн.) кои претставуваат одлична база за квалитетна практична настава низ која нашите студенти се здобиваат со практични знаења и почетно искуство во нивните професионални обврски. По завршување на вториот, четвртиот и шестиот семестар, студентите спроведуваат практична настава, во практичните наставни бази, во траење од 80 часа, а со цел запознавање на студентите со организационата поставеност и дејност на ветеринарно-медицинските организации и истовремено здобивање со првични практични искуства во струката.

На крајот од студиумот студентите изработуваат дипломска работа како завршен самостоен труд, од област која сами ја избрале, а под менторство на предметниот наставник.

**Добри страни:**

- Добри теоретски знаења на студентите кое претставува предуслов за квалитетно реализирање на практичната настава;
- Изведувањето на практичната настава во мали групи што нуди можност за подобра ангажираност на студентите во изведувањето на истата;
- Добра соработка со повеќе ветеринарно-медицински институции кои претставуваат одлична база за изведување на практичната настава;

**Слаби страни:**

- Слаба вклученост на студентите во научно-истражувачка работа;

**Предлог за подобрување на слабите страни:**

- Организирање на научно-истражувачки проекти во кои би биле вклучувани и студенти како дел од истражувачкиот тим;

## В. Проверка на знаењето на студентите

Како значаен дел од наставно-образовниот процес е и проверката на знаењето на студентите кое на Ветеринарниот Факултет-Битола се изведува преку полагање на колоквиуми и испити. Во текот на студиумот, согласно Правилникот за ЕКТС за секоја наставна дисциплина се спроведуваат по два колоквиуми со цел поефикасно совладување на предметните содржини, со што ќе се подигне и квалитетот на студирање. Студентите изработуваат семинарски работи, учествуваат во проекти. Испитите се спроведуваат писмено и најголем дел од нив имаат практичен и теоретски дел со цел да се овозможи партиципитање и на теоретската и на практичната настава.

Оценувањето на студентот се врши од страна на предметниот наставник, а доколку студентот го полага испитот три или повеќе пати, испитувањето може да се спроведи и пред трichлена комисија. Ваков начин на полагање на испити се остварува само по барање на студентот или предметниот наставник.

Завршен испит е одбраната на дипломската работа. Таа е јавна и пред трichлена комисија составена од менторот и уште двајца наставници од блиски наставни дисциплини. Овој завршен самостоен труд во голема мера придонесува за оформување на стручниот профил на студентот.

**Добри страни:**

- Можност на студентите да го полагаат испитот преку два колоквиуми;
- Постоење на можност за комисиско полагање на испитите доколку студентот или наставникот сметаат дека тоа е потребно од било која причина;

**Лоши страни:**

- Писмено спроведување на испитите и колоквиумите;

- Временски краток период во кој низ т.н. колоквиумски недели се полагаат повеќе колоквиуми што директно, негативно влијае врз резултатот од истите;

**Предлог за подобрување на слабите страни:**

- Давање можност на студентите да го изберат начинот на полагање на испитот зависно од нивните способности за усмено или писмено изразување;
- Поголема слобода во договарањето на термините за полагање на колоквиумите;

# IV. СТУДЕНТИ

## Вовед

Ветеринарниот Факултет-Битола како високо-образовна институција води исклучителна грижа за потребите на студентите како во текот на самиот образовен процес така и во дополнителите облици на ангажираност. Исто така, претставници од студентите се вклучени и во органите на управување (Деканатска управа, Наставно-научен Совет).

Уписот на нови студенти се врши врз база на постигнатиот успех во средното образование и успехот од положената државна матура. Структурата на студентите кои се запишуваат на ВФБ претежно ја сочинуваат ученици со завршено ветеринарно, гимназиско и средно медицинско образование.

## А. Ангажираност и оспособување на студентите

На Ветеринарниот Факултет-Битола се реализира едукација на студентите на една студиска програма: Интегрирани студии по ветеринарна медицина-Доктор по ветеринарна медицина. Вклученоста на студентите во наставно-образовниот процес е недоволно бидејќи во теоретската настава доминира фронталната форма на настава каде студентите најчесто се пасивни слушатели. Меѓутоа, тие имаат можност за многу поактивно вклучување во практичната настава каде под раководство на предметниот наставник можат да влијаат врз креирањето и изведувањето на истата. Исто така, во зависност од предметните содржини, одредени наставници предвидуваат и изработка на семинарски работи, презентации и други форми на анимирање на студентите.

## Б. Студентска анкета

Студентската анкета како "инструмент" за следење на мислењето на студентите за квалитетот на наставно-образовниот процес е многу значајна како за наставниците, соработниците, така и за студентите. Поради тоа неопходно е спроведување на истата најмалку еднаш годишно. Низ една ваква анонимна анкета студентите би имале можност да го изразат своето слободно мислење за доста важни сегменти од образовниот процес, но и од поширокиот делокруг на активности во Факултетот. Во ваквите студентски анкети треба да се води сметка да бидат опфатени студенти од сите студиски програми и студиски години како би добиле појасна и поточна слика за нивното мислење по однос на анкетните прашања.

Во рамките на реализацијата на оваа самоевалуација беше спроведена и анонимна анкета на студентите во врска со квалитетот на наставата и односот на академскиот кадар во остварувањето на наставно-образовната дејност. При тоа беа опфатени сите наставници во редовен и дополнителен работен однос и сите соработници во редовен работен однос.

## В. Студентски активности

Преку својата Студентска организација, студентите реализираат одредени активности како што се трибини, спортски натпревари, студентски забави, екскурзии и сл. Особено е значајно учеството на студентите во органите на

управување на ВФБ (според Статутот) кое право го остваруваат со делегирање на свои претставници и тоа:

- еден претставник во Деканатската Управа на Факултетот;
- еден претставник во Наставно-научен Совет на Факултетот;

## SWOT - анализа:

**S** - релативно добар интерес за упис за студирање на ВФБ;
- голем број од пријавените кандидати се со одличен успех;

**W** - недоволни материјални, просторни и кадровски услови;

**O** - постоење на можност за подобрување на квалитетот на наставата преку имплементација на ЕКТС и други форми на ангажирање на студентите со што би се зголемил нивниот интерес за студирање на Факултетот;

**T** - одлив на голем број на студенти на други високообразовни институции од ваков карактер поради отворањето на нови факултети во земјава.

## V. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ

### А. Дидактички можности

Просторните и материјалните ресурси сеуште претставуваат проблем на Ветеринарниот Факултет-Битола. Просторот од околу 650 $m^2$ е недоволен за квалитетно задоволување на потребите со простории за настава, кабинети за наставно-научниот кадар и помошни простории. Добра околност е соработката со повеќе здравствени и високообразовни институции (болници, здравствени домови, заводи за здравствена заштита, факултети и сл.) каде се изведува практичната настава.

Опремата која се користи за теориска и практична настава релативно ги задоволува потребите како на студентите така и на наставниот кадар. Сеуште постои потреба од поактивно следење на новата технологија и опрема и во рамките на материјалните можности имплементирање на истата во наставно-образовниот процес.

Во рамките на ВФБ функционира и библиотека со скромен библиотечен фонд на книги. Постои потреба од континуирано набавување на нова стручна и научна литература како и редовна претплата за добивање на некои позначајни стручни списанија и журнали. Сепак, недостатокот од финансиски средства е основната причина која го лимитира приливот на нова литература и со тоа неповолно влијае врз информираноста и на студентите и на наставниците. Позитивно е што повеќето наставници веќе имаат напишано учебни помагала во форма на скрипти, практикуми и книги со кое во голема мера им помагаат на студентите во совладувањето на предвидената материја по соодветниот предмет.

### Б. Компјутерска опременост

Ветеринарниот Факултет-Битола, располага со компјутерски систем од 32 компјутери од кои 7 се на располагање на службата за администрација, 10 компјутери користи наставниот кадар и 4 лап-топ компјутери кои што заедно со 4 видео-бимови се користат при изведување на наставата. На студентите постојано им се на располагање 14 компјутери, сместени во компјутерскиот центар и за електронското пребарување на книги, списанија и трудови од други библиотеки и датабази, постојано им е достапен 1 компјутер сместен во библиотеката.

### В. Библиотека

Во Ветеринарниот Факултет-Битола библиотека која е на располагање на наставниот кадар и студентите. Библиотеката располага со околу 101 наслов односно 1995 книги и учебници, од кои 60 наслови се стручна литература со вкупно 1867 книги и учебници и 41 наслов останата литература со вкупно 128 книги и учебници, 98 наслови се од странски автори односно 1983 книги и учебници преведени како дел од проектот на Владата на Република Македонија “500 стручни книги и учебници на македонски јазик” и 3 наслови од домашни автори односно 12 учебници.

Што се однесува до електронското пребарување на книги, списанија и трудови од други библиотеки и датабази, на студентите постојано им е достапен 1 компјутер сместен во библиотеката. Библиотеката, за жал, не располага со сопствена читална и не претставува дел од матичната Универзитетска библиотека заради што и се скратени можностите за поголема креативност.

## Г. Логистика

Нормалното функционирање на институцијата во голема мера се овозможува и со квалитетната работа на администрацијата. Сервисот за студентска служба иако дефицитарен во кадар и техничка опрема сепак нуди квалитетни услуги за нашите студенти. Отсуството на компјутеризирано водење на евиденцијата за студентите негативно влијае врз квалитетот на работење, но благодарение на добрата организираност на службата сметаме дека истата ги задоволува потребите на студентите.

Во рамките на Ветеринарниот Факултет-Битола функционира и библиотека која нуди услуги на студентите и наставниот кадар, во смисла на издавање на книги, превземање на активности за набавување на одредена литература и збогатување на библиотечниот фонд, информирање на студентите и наставниците за пристигнатите книги и сл. Библиотечниот фонд е скромен и се чуствува сериозен недостаток од најнова стручна и научна литература.

Факултетот има 2 апарати за копирање кои се за интерна употреба и ги задоволуваат потребите на вработените и 1 апарат кои врши услуги за студенти.

## SWOT - анализа:

**S** - постоење на добра услуга во службите за логистика;

**W** - недостаток од современа компјутеризирана евиденција;
- недостаток од најнова стручна и научна литература;

## Предлог мерки за подобрување на квалитетот:

- постоење на можност за осовременување на работењето на службите преку добивање на финансиска поддршка од Министерството за образование и наука, разни проекти и донации;

# VI. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Ветеринарниот Факултет-Битола посветува големо внимание на надворешната соработка. Првенствено ваква соработка секојдневно се остварува со бројни ветеринарно-медицински и научни институции во земјата, но исто така и во странство (Полјопривредни Факултет-Департмент за ветринарна медицина-Нови Сад и Институтот за хигијена и технологија на месо од Белград (Р. Србија), Ветеринарно-медицинскиот Факултет-Стара Загора и Факултетот за ветеринарна медицина-Софија (Бугарија), Факултет за ветеринарна медицина-Бурса (Турција).

Добар дел од наставниците се вклучени во научноистражувачки проекти како домашни така и меѓународни. Исто така институцијата во рамките на своите финансиски можности ги охрабрува и помага наставниците за учество на конгреси, симпозиуми и други форми на стручно-научни средби во земјата и странство.

Исто така и студентите остваруваат надворешна соработка со соодветни студентски организации во земјата и странство.

## VII. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката дејност е многу значајна и неделива компонента од високообразовниот процес. Со оглед на тоа што Ветеринарниот Факултет-Битола е високо образовна институција за едукација на доктори по ветеринарна медицина, научноистражувачката дејност не е на некое високо ниво. Сепак, поголем број од наставниците со свои трудови и реферати учествуваат на домашни и странски конгреси, симпозиуми, семинари и други научноистражувачки собири.

Исто така, во правец на подобрување на квалитетот на наставата голем дел од наставниците имаат објавено учебни помагала и учебници прилагодени на наставните планови и содржини.

# VIII. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на Ветеринарниот Факултет-Битола се остварува од два извори:

- од Буџетот на Р. Македонија;
- од средствата за самофинансирање на студентите;

Уделот на средствата од Буџетот во вкупните средства во изминатите пет години изнесуваше:

- 2012 год. - 48,36%
- 2013 год. - 52,45%
- 2014 год. - 56,43%
- 2015 год. - 50,34%
- 2016 год. - 51,44%

Уделот на средствата од партиципација на студентите просечно изнесува околу 80% од вкупните финансиски средства годишно.

## SWOT - анализа:

**S** - редовен и сигурен прилив на финансиски средства од Буџетот на Р. Македонија;

**W** - недоволно финансиски средства за позначајно осовременување на наставно-образовниот процес;

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот:

- Изнаоѓање на нови форми за прилив на финансиски средства во Факултетот преку разни форми на активности (склучување на договори за соработка со одделни фарми, анализи од лабораториите и сл.) како и изнаоѓање на донации и други облици на финансиска помош за подигнување на степенот на опременост на институцијата;

# IX. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АКАДЕМСКИОТ КАДАР

Сакаме да истакнеме дека Ветеринарниот факултет во Битола моментално има обезбедено академски кадар-професори за комплетно изведување на настава до V година односно заклучно со X семестар, а соработнички кадар-асистенти за комплетно изведување на вежби до крајот на студиската програма до V година односно заклучно со X семестар.

Со оглед на фактот дека на соработничкиот кадар-асистенти му е потребно сеуште време по Болоњскиот систем да ги заврши докторските студии и да ја одржува наставата по клиничките предмети за IV и V година, Ветеринарниот факултет-Битола овој вакум планира да го покрие со ангажирање на професори од Ветеринарно-медицинскиот факултет во Стара Загора и Софија (Р. Бугарија)  Факултетот за ветеринарна медицина и Институтот за хигијена и технологија на месо од Белград (Р. Србија) со кои институции има склучено Договори за соработка и размена на наставно-научниот кадар.

По однос на оценувањето на квалитетот на постоечкиот наставно-научен и соработнички кадар на Ветеринарниот факултет-Битола можеме да истакнеме дека истиот е оценет со едно задоволително ниво од страна на студентите преку анонимна студентска анкета на прашања стандардизирани од страна на Универзитетот (прилог-таб. 1 и 2). Исто така беше оценувана и студиската програма Интегрирани студии (I и II циклус) по ветеринарна медицина (прилог-таб. 3). На крај беше даден и Акцискиот план на Ветеринарниот Факултет во Битола (прилог-4) со забележаните слабости, планираните активности, период на имплементација и индикаторите на прогрес.

Сакаме да истакнеме дека постоечкиот наставно-научен и соработнички кадар и покрај просторните, материјалните и финансиски проблеми дава се од себе и прави надчовечки напори да ја реализира и одржи наставата на едно високо академско ниво и сметаме дека во тоа успева.

**ПРИЛОГ: Таб. 1. (ПРОФЕСОРИ) Резултати од изведена самоевалуација за период 2012-2016 година на Ветеринарниот факултет-Битола согласно Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од Агенција за евалуација на високото образование во РМ**

| Се изјасниле позитивно % | Се изјасниле неутрално % | Се изјасниле негативно % |
|---|---|---|
| **1. Наставникот е соодветно подготвен за реализација на наставата** | | |
| 81.80 | 5.80 | 12.40 |
| **2. За време на наставата, наставникот е посветени и предизвикува интерес кај студентите** | | |
| 81.20 | 7.00 | 11.80 |
| **3. Наставникот користи современи методи на наставна работа** | | |
| 83.80 | 9.20 | 7.00 |
| **4. Наставникот ги мотивира и вклучува студентите во наставниот процес** | | |
| 77.60 | 13.40 | 9.00 |
| **5. Наставникот стимулира дополнителна активност за студентите (изработка на домашна работа, проекти, семинарски трудови** | | |
| 86.60 | 7.40 | 6.00 |
| **6. Дополнителните активности се во функција на зголемување и проширување на знаењата од предметот** | | |
| 85.80 | 7.60 | 6.60 |
| **7. Наставникот го реализира предвидениот фонд на часови** | | |
| 86.00 | 5.40 | 8.60 |
| **8. Наставникот обезбедува соодветна основна и дополнителна литература** | | |
| 83.80 | 5.80 | 10.40 |
| **9. Наставникот применува современи технологии во реализацијата на наставата (компјутери, софтверска поддршка, информациски бази и др.** | | |
| 85.60 | 8.20 | 6.20 |
| **10. Личната култура и односот на наставникот се на соодветно ниво** | | |
| 85.40 | 6.80 | 7.80 |
| **11. Наставникот е отворен и достапен за консултации и соработка со студентите** | | |
| 79.20 | 12.60 | 8.20 |
| **12.Испитните/колоквиумските прашања се во рамките на предметната програма и предвидената основна литература** | | |
| 84.80 | 9.20 | 6.00 |
| **13. Содржината и структурата на испитните/колквиумските прашања овозможуваат објективно оценување** | | |
| 86.40 | 6.00 | 7.60 |
| **14. Оценката е одраз на знаењата и постигнувањата на студентите** | | |
| 83.20 | 5.80 | 11.00 |

**ПРИЛОГ: Таб. 2. (АСИСТЕНТИ) Резултати од изведена самоевалуација за период 2012-2016 година на Ветеринарниот факултет-Битола согласно Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од Агенција за евалуација на високото образование во РМ**

| Се изјасниле позитивно % | Се изјасниле неутрално % | Се изјасниле негативно % |
|---|---|---|
| **1. Соработникот е соодветно подготвен за реализација на вежбите и практичната наставата** | | |
| 89.00 | 6.00 | 5.00 |
| **2. За време на вежбите, соработникот е посветен и предизвикува интерес кај студентите** | | |
| 86.00 | 8.10 | 5.90 |
| **3. Соработникот користи современи методи на наставна работа** | | |
| 88.90 | 5.20 | 5.90 |
| **4. Соработникот ги мотивира и активира студентите во процесот на учење** | | |
| 85.70 | 7.50 | 6.80 |
| **5. Соработникот му помага на студентот во реализација на дополнителните активности (изработка на домашна работа, проекти, семинарски трудови, ...** | | |
| 88.20 | 6.30 | 5.50 |
| **6. Преку добиената помош од страна на соработникот, студентите ги збогатуваат и прошируваат практичните знаења од предметот** | | |
| 87.30 | 6.80 | 5.90 |
| **7. Соработникот го реализира предвидениот фонд на часови** | | |
| 88.50 | 7.30 | 4.20 |
| **8. Соработникот обезбедува соодветни материјали за учење и литература за исполнување на обврските на студентот** | | |
| 88.80 | 5.70 | 5.50 |
| **9. Соработникот применува современи технологии во реализацијата на вежбите и практичната настава (компјутери, софтверска поддршка, информациски бази и др.)** | | |
| 88.20 | 6.60 | 5.20 |
| **10. Соработникот реално и објективно го проверува, евидентира и проценува квалитетот на изработките и квалитетот на активностите на студентите** | | |
| 89.40 | 4.30 | 6.30 |
| **11. Личната култура и односот на соработникот се на соодветно ниво** | | |
| 88.90 | 2.50 | 8.60 |
| **12. Соработникот е отворен и достапен за консултации и соработка со студентите** | | |
| 89.60 | 4.60 | 5.80 |

**ПРИЛОГ: Таб. 3. (СТУДИСКА ПРОГРАМА) Резултати од изведена самоевалуација за период 2012-2016 година на Ветеринарниот факултет-Битола согласно Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од Агенција за евалуација на високото образование во РМ**

| Се изјасниле позитивно % | Се изјасниле неутрално % | Се изјасниле негативно % |
|---|---|---|
| **1. Програмата е современа и атрактивна** | | |
| 51.00 | 40.00 | 9.00 |
| **2. Програмата овозможува стекнување соодветни знаења и вештини, во согласност со стручниот профил** | | |
| 45.00 | 29.00 | 26.00 |
| **3. Програмата овозможува стекнување на применливи и практични знаења** | | |
| 35.00 | 20.00 | 45.00 |
| **4. Постои логичен редослед и поврзаност на предметите, според студиските години** | | |
| 74.00 | 14.00 | 12.00 |
| **5. Постои непотребно повторување на наставниот материал кај некои премети** | | |
| 57.00 | 20.00 | 23.00 |
| **6. Има потреба од дополнителни содржини за оформување на стручниот профил** | | |
| 69.00 | 20.00 | 11.00 |
| **7. Наставата е соодветно организирана** | | |
| 51.00 | 23.00 | 26.00 |
| **8. Предавањата се квалитетни** | | |
| 60.00 | 25.00 | 15.00 |
| **9. Вежбите се квалитетни** | | |
| 52.00 | 17.00 | 31.00 |
| **10. Колоквиумите и испитите адекватно се организираат и реализираат** | | |
| 60.00 | 23.00 | 17.00 |
| **11. Практичниот дел од програмата е соодветно застапен** | | |
| 35.00 | 17.00 | 48.00 |
| **12. Практичниот дел од програмата оспособува за практична работа** | | |
| 26.00 | 11.00 | 63.00 |
| **13. За студиската програма постои соодветна основна и дополнителна литература** | | |
| 39.00 | 31.00 | 30.00 |
| **14. Студиската програма ги исполнува очекувањата на студентите** | | |
| 46.00 | 29.00 | 25.00 |
| **15. Студентите се адекватно информирани** | | |
| 54.00 | 23.00 | 23.00 |
| **16. Службата за студентски прашања ги задоволува потребите на студентите** | | |
| 55.00 | 17.00 | 28.00 |
| **17. Техничката опременост е соодветна** | | |
| 51.00 | 26.00 | 23.00 |
| **18. Просторните услови одговараат на потребите на наставата** | | |
| 50.00 | 17.00 | 33.00 |
| **19. Студентите се почитувани и нивните права се заштитени** | | |
| 55.00 | 14.00 | 31.00 |

# X. ЗАКЛУЧОК ЗА РЕЛЕВАНТНИТЕ ФАКТОРИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ ПРОЦЕС НА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ВЕТЕРИНАРНИОТ ФАКУЛТЕТ

Спроведениот процес на самоевалуација на Ветеринарниот Факултет-Битола произлезе од обврската за самоевалуација на Универзитетот односно единиците на Универзитетот, согласно член 77 од Законот за високото образование на Р. Македонија. Реализирањето на самоевалуацијата претставува мошне обемна и одговорна работа, но исто така и неопходна активност за следење на квалитетот на високообразовната наставно-научна дејност.

После спроведувањето на постапката за самоевалуација Комисијата констатира неколку заклучоци:

- Самоевалуацијата претставува процес со кој може да се изврши реална проценка на квалитетот на наставно-образовниот процес од повеќе аспекти што ја прави истата неминовна и неопходна за секоја високообразовна институција;
- Податоците инкорпорирани во Извештајот за самоевалуација мора да бидат објективни и реално да ја отсликуваат фактичката состојба;
- Процесот на самоевалуација треба да се спроведува континуирано и во него да бидат опфатени сите сегменти од работењето на високообразовната институција со цел добиените податоци да имаат референтна вредност;
- Необјективното изнесување на параметрите опфатени во процесот на самоевалуација, погрешно ќе ја отсликаат фактичката состојба, а со тоа воедно ќе се намали реалната можност за отстранување на слабостите во работењето;
- Процесот на самоевалуација треба да се прифати позитивно, без отпор и дистанцирање од детектираните слабости во било кој сегмент од функционирањето на институцијата;
- Извештајот за самоевалуација треба да биде ставен на увид на Деканатската Управа и Наставно-научниот Совет од институцијата и прифатен од истите;

***Комисија за самоевалуација:***

1. Вонр. Проф. Д-р Гоце Цилев -Претседател с.р
2. Доц. Д-р Билјана Петровска-член с.р
3. Доц. Д-р Сашо Стојановски-член с.р
4. М-р. Маја Гацовска-член с.р
5. М-р. ДВМ Игор Здравески-член с.р
6. М-р. Наташа Петровска-член с.р
7. Марио Мано-студент с.р

**ПРИЛОГ 4 -АКЦИСКИ ПЛАН НА ВЕТЕРИНАРЕН ФАКУЛТЕТ**

| ОБЛАСТ | ЗАБЕЛЕЖАНИ СЛАБОСТИ | ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНИ ЛИЦА | ПЕРИОД НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ | ИНДИКАТОРИ НА ПРОГРЕС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕНАЏМЕНТ** | Недоволно финансиски средства за проширување на објектот на ВФБ | Аплицирање до Влада на РМ за отстапување на објект кој е во сопственост на државата за потребите на Факултетот | ДУ | Две академски години | / | Комплетно изграден објект и опрема |
| | Недоволно финансиски средства за изградба на Ветеринарно-клинички центар при ВФБ | Аплицирање до амбасади во програми за соработка и други европски програми | ДУ | Две академски години | / | Комплетно изграден објект на Ветеринарно-клинички центар |
| **НАСТАВА И УЧЕЊЕ** | Незаинтересираност и неактивност на студентите за мобилност преку еврпски програми; | Вмрежување и промоција на програмите за мобилност | Координатор и СПВФБ | Една академска година | / | Зголемен број на реализирани мобилности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИСТРАЖУВАЊЕ | Недоволен број на организирани собири од страна на ВФБ<br><br>Потреба од форми на мотивација на наставно- научниот кадар за учество во научно истражувачка работа<br><br>Недостаток на финансиски средства опремување на лабораторији за научно-истражувачка и апликативна дејност и нивна акредитација | Организирање на семинари, работилници<br><br>Следење на повици и аплицирање за грантови од различни фодови и инструменти<br><br>Формирање на лабораторији и обезбедување на најсовремена опрема | Организационен одбор и СПВФБ<br><br>Наставници и соработници<br><br>Наставници и соработници | Една академска година<br><br>Една академска година<br><br>Две академски години | /<br><br>/<br><br>/ | Зголемен број на организирани настани<br><br>Зголемен број проекти и научно-истражувачки трудови<br><br>Број на формирани лабораторији со комплетна акредитација на истите |
| ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ | Недоволна активност во следење на вработливоста на дипломираните студенти | Креирање на база на студенти и утврдување на процедура за задолжителна регистрација | ДУ | Една академска година | / | Број на записи во базата на податоци |